# НАДОМЕСТ ЗА НЕВРАБОТЕНОСТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИ

MACEDONE - МАКЕДОНСКИ

**Ти си вработен земјоделски работник и си отпуштен од работа или пак твојот договор за работа е истечен?**

**Може да имаш право на надомест за невработеност за земјоделци Треба да доставиш барање заклучно со 31 мартv**

## Кои работници се засегнати?

√ Работници вработени на определено време (O.T.D.).

√ Работници вработени на неопределено време кои работат одреден дел во годината (O.T.I.).

Ако си странец потребно е да поседуваш дозвола за престој врз основа на вработеност (lavoro subordinato) или исчекување на работа (attesa occupazione).

## Во кој случај имаш право на надомест за невработеност?

√ Отпуштање од работа √ Истекување на договорот.

Доколку си вработен (subordinato) и странец, а си го загубил работното место, може да се запишеш на списокот за невработени за преостанатиот период за кој важи твојата дозвола за престој и во секој случај за период не помал од една година. Запомни дека може да поседуваш дозвола за престој врз основа на исчекување на работа (attesa occupazione), која може да се обновува. Пред истекувањето на твојата дозвола за престој намини во нашите канцеларии за да ги добиеш сите потребни информации.

## Може да имаш право на следните надоместоци

√ Надомест за невработеност за земјоделци: барањето се доставува до Inps само по електронски пат. Оваа операција може да се врши кај нас.

## Кога можеш да го доставиш барањето?

√ Барањето треба да биде доставено најдоцна на 31 март од годината што следи по онаа во која си добил отказ или во која ти истекол договорот за работа. √ Значи : до 31 март треба да направиш барање за невработеност за претходната година, во спротивно го губиш правото.

## Во кој случај немаш право на надомест за невработеност?

√ Доброволен отказ (со исклучок, под определени услови, на мајките кои се во работен однос, во текот на првата година од животот на детето). √ Доколку си странец во работен однос со дозвола за престој за сезонска работа (од 20 дена до 9 месеци, но со обврска да се вратиш во твојата земја).

FAI CISL Federazione Agricola Alimentare Ambientale Industriale Italiana
www.faicisl.it

За повеќе информации и за пополнување на формуларот обрати се во седиштето на **FAI CISL** или во **INAS CISL**

PATRONATO INAS CISL Istituto Nazionale Assistenza Sociale
www.inas.it

Editabile